**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1310/2**
**07.07.2022 година**
**Делчево**

ЗАПИСНИК
**Од одржаната 11.седница на Советот на**
**Општина Делчево**

Седницата се одржа на 07.07.2022 година, во Мултимедијалниот центар, со почеток во 08:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Отсутна беше Сања Николовска.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 11.седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Десеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

1.Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

2.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на инвестицијата;

3. Предлог-Одлука за утврдување на намената на инвестицијата,

**Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

4.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

5.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“ Делчево;

**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител на Општина Делчево.

6.Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД Гоце Делчев Делчево;

7. Предлог-Одлука за парична помош на Аце Трајановски од Делчево.

**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот.

8.Предлог-Одлука за утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево;

**Образлагач**: Ванчо Новоселски-Советник за образование.

9.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Трaботивиште во општина Делчево;

**Образлагач**: Звонко Атанасов –раководител на Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи, сообраќај и заштита на ЖС.

10.Заклучок за усвојување на Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година;

**Образлагач**: Марија Сумрачка-Сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево и Стојче Стојковски-директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

11. Предлог-Одлука за прифаќање иницијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.
12. Предлог-Решение за именување членови на Комисијата за доделување награди и признанија на општина Делчево;
**Образлагач:** По точките 11 и 12 Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување.
13. Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски-Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;
**Образлагач**: Дијана Цоневска-Вршител на должноста директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.
14. Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;
**Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
15. Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Климент Охридски“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;
**Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.
16.Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;
**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.
17.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Зекир Абдулов кој рече дека во дневниот ред има одлуки за финансиска подршка на КУД „Гоце Делчев“ и КК „Патриот“ и праша зошто само за нив има одлуки на дневен ред, дали ќе биде објавен јавен повик за да аплицираат другите здруженија и кога. Тој истакна дека ова прашање го поттикнал и на една од претходните седници кога било разговарано за утврдување на нови критериуми при објавување на повикот и при распределбата на средствата и констатираше дека за жал 11 месеци нема иницијатива за поддршка на граѓанскиот/невладиниот сектор.

Претседателот на Советот рече дека овие две точки се ставени на дневен ред бидејќи од нивна страна има доставено барање до Општината и до Советот. Што се однесува до другите прашања, претседателот на Советот рече дека не може да дава одговор бидејќи тоа не е во негова надлеженост , а членот на Советот да ги конкретизира и прецизира прашањата и да ги постави на крајот на седницата под точката-прашања и предлози на членови на Совет и да назнаќи до кој се прашањата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани –нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

**Прва точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година**;

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека оваа одлука е за пренамена на средства која се однесува на повеќе ставки, наведени во самата одлука. Таа рече дека 1 милион денари кои биле планирани за набавка на ново комунално возило се рапоредуваат на потставка 420220 во износ од 354.000 за патување на 10-те најдобри матуранти, по 60.000 денари се распоредуваат за електрична енергија (потставка 421110) и привремени вработувања (потставка 427110), 150.000 денари се

распоредуваат на потставка 424230 за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Причината е тоа што новото комунално возило кое било планирано да се набави до крајот на годината нема да се набави, а на другите потставки се јавува потреба од дополнителни средства.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека образлагачот по точката истакнала дека за набавка на ново комунално возило биле планирани 1 милион денари, а сега тие средства се пренаменуваат на други потставки за други потеби, па праша во иднина од каде, од која ставка би се нашле средства за ново комунално возило?

Анка Христова рече средствата за ново комунално возило се пренаменуваат од причини што според кажувањата на градоначалниот до крајот на годината возилото нема да се набави. Дали ќе се планира со следниот буџет, таа не знае.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

**Втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на инвестицијата**;

Образложение по оваа точка поднесе Тони Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот на инвестицијата за проектот „ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, ДЕЛНИЦА СРЕДНИ БАВЧИ“ за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот разво по Мерка 124 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година: Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште под мерка 124.3. Терхничката документација и Апликацијата веќе се подготвени, а потребно е донесување на оваа одлука како придрижен документ. Тој истакна дека неколку години по ред, Општина Делчево користи средства по оваа мерка 124.3. Доколку имате дополнителни пеашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека има забелешки во врска со совaа точка и со многу претходни такви одлуки бидејќи според него кон одлуките нема друг дополнителен материјал од кој би се видело за што точно станува збор. Од текстот на самите одлуки не може да се разбере многу, искрено мислев дека се однесува за стариот патен правец кон с. Тработивите, рече тој.

Тони Стоименовски рече дека теркот на одлуките е таков-едната е за приоритет на проект, а другата е за намената на истиот проект- проектот „ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, ДЕЛНИЦА СРЕДНИ БАВЧИ“. Во образложението кажав дека повикот е објавен, изготвена е техничка документација, апликацијата е подготвена, но одлуката треба да се донесе како придружен документ кон апликацијата. Исто така во одлуката стои и висината на инвестицијата-1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја **донесе Одлуката за утврдување на приоритет на инвестицијата;**

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на намената на инвестицијата;**

Образлагач: и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој ерче дека станува збор за истиот проект, само оваа одлука е за намената на инвестицијата, која намена е утврдена во самиот повик објавен од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој по Мерка 124 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година: Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште под мерка 124.3.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Оливера Ташевска која праша кој е рокот за целосно за вршување/реализација на проектот?

Тони Стоименовски рече дека оваа одлука е потребна за да се поднесе апликацијата до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, па во рок од 30 дена треба да бидеме известени дали сме ја добиле апликацијата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја **донесе Одлуката за утврдување на намената на инвестицијата;**

**Четврта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за ЈЛБ „Илинден“-Делчево;**

Точката ја образложи Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител на Општина Делчево која рече дека од страна на ЈЛБ „Илинден“ е доставено барање до Општина Делчево и Советот на Општина Делчево за одобрување на финансиски средства за печатење на книгата „Црквите и манастирите во Пијанец и сведоштвата на царевоселци“ од Драган Арсовски. За печатење на книгата би биле потребни околу 25.000 денари, ЈЛБ може да одвои само 5.000 денари и затоа директорката на библиотеката го поднела ова барање до Советот за 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

**Петта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“ Делчево;**

И оваа точка ја образложи Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител на Општина Делчево која истакна дека од страна на ЖКК „Патриот“ е поднесено барање за средства за успешната организација на завршниот турнир „**Final Four**“ за најдобрите 4 екипи на возраст до 16 години во женска конкуренција кој се одржа на 4 и 5 јуни 2022 година во Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Марјанчо Велиновски кој праша зошто претседателот на Комисијата за спорт не свикал седница за да се разгледа оваа точка и предложи на ЖКК „Патриот“ да му се доделат повеќе средства бидејќи имаат освоено прво место на завршниот турнир „**Final Four**“ за најдобрите 4 екипи на возраст до 16 години во женска конкуренција кој се одржал на 4 и 5 јуни 2022 година во Делчево, кој бил организиран од нивна страна во Делчево.За првпат имаме државен шампион во било кој спорт во Делчево, резултатот не е за потценување и затоа предлагам сумата да се зголеми за уште 30.000 денари, рече тој.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека забелешката на М.Велиновски е во ред во делот зошто не била свикана седница на Комисијата за спорт. Во врска со предлогот сумата да се зголеми за уште 30.000 денари, тој рече дека би било добро и по 100.000 да се донесе одлука, ама средствата во буџетот се ограничени. Советот може да донесе одлука,ама сумата треба да биде разумна и да може да се исплати, има реакции и од страна на градоначалникот. Кога се дава предлог да се доделуваат средства за нешто, мора да се каже од која ставка, во овој случај ако ја зголемиме сумата уште за 30.000 денари треба да се каже од каде, од која ставка. Оваа одлука е само помош, не е поддршка или распределба на средства од 1 милион кои беа предвидени со Буџетот и кои се распределуваат согласно јавен повик, тоа е друга работа, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека биле планирани средства за спортските клубови од кои најголем дел, поголема сума биле предвидени за ФК „Брегалница" која за жал не се нетпреварува. Мислам дека може со ребаланс да се пренаменат тие средства да се види каде, на кој и по колку да се респределат и на ракометните клубови и на кошаркарските. Не е во ред средствата кои биле планирани за ФК „Брегалница„ да пропаднат така. Инаку, ЖКК „Патриот", за организирањето на турнирот направиле трошоци околу 80.000 (45.000 за судии, сместување, храна). Можеби некој им ветил дека ќе им помогне и дека ќе покрие дел од тие трошоци, сметам дека треба да им се помогне оти досега постигнале најголем успех во областа на спортот во нашата општина. Ако може Општина Делчево финансиски да им помогне, ако не , еве, апелирам до сите, кој може и сака да им помогне. Нема смсила да направиме таква "фама", да се сликаме по порталите, а да ги оставиме сами да се снаоѓаат, без поддршка. Тоа не важи само за кошаркарскиот клуб „Патриот", туку и за другите спортски клубови, сите се оставени сами на себе. Исто така, сакам да предложам, да бидат ослободени од плаќање на надоместок за користење на салата што ја користат за тренинг. Сметам дека со 30.000 денари, тие не можат да покријат ништо,рече И.Гоцевски.

Кирил Тренчевски рече дека немало потреба од свикување на Комисијата за спорт затоа што Комисијата еднаш заседавала и донела одлука за тие средства кои с епланирани во буџетот. Тука станува збор за дополнителни средства, КК „Патриот" поднел барање за финансиска помош за организирање на завршниот турнир Final Four. Колку што знам ЖКК „Патриот" не е општински клуб, туку е приватен, исто така имало барање за спонзорство до повеќе фирми кои помогнале со извесна сума средства и се приберени доста средства.Сметам дека 30.000 денари од страна на Општината се доволни. Како што рече и претседателот на Советот, џабе е и одлука за 100.000 денари да донесеме ако Општината нема пари да ги исплати, рече К.Тренчевски.

Оливера Ташевска рече дека во овој случај покрај успешното организирање на турнирот е освоено и прво место и тоа е за поздравување, го претставиле Делчево на најубав начин освојувајќи прво место, заслужуваат сумата да биде повисока. Како Совет сме носеле одлуки по 25 000 за поединци, овде 12 деца учествувале на овој турнир и освоиле прво место. Затоа сметам дека треба да се донесе одлука со повисока сума, рече Оливера Ташевска.

Дејан Георгиевски рече дека треба да се прави разлика/дистинкција помеѓу целосно финансирање на еден спортски клуб и финансиска поддршка бидејќи не е исто. Општината не може целосно да финансира ниту еден клуб, туку може да дава финансиска поддршка.Средствата кои се планираат за спортските клубови се планирани во буџетот и ќе се распределат по објавен повик, а ова е финансиска поддршка врз основа на поднесено барање за органзирање на завршниот турнир, така е наведено во барањето.

Претседателот на Советот имаше забелешка на дел од излагањето на Иван Гоцевски во делот дека средствата во Буџетот предвидени за ФК „Брегалница“ треба да бидат пренаменети за ракомет и кошарка бидејќи како што знаеме сите ФК „Брегалница“ не се натпреварувала последните 2 години само поради пандемијата, а не поради некој друга причина. Едната сезона дозволија да се натпреваруваме со тестови кои реално беа голем трошок за ФК „Брегалница“. Инаку, од страна на Агенцијата, ФК „Брегалница“ оваа година има добиено ваучер 420.000 денари и од претходната година ваучер од 100.000 денари што значи дека пред почетокот на сезоната ФК „Брегалница“ стартува со околу 520.000 денари. Норамлно дека доколку биде објавен јавен оглас, ќе аплицира и ФК „Брегалница“ и ќе очекува средства и од Општината. Сметам дека апсолутно не е во ред парите предвидени за 1 спортски клуб да бидат пренаменети за друг спортски клуб поради моментален успех. Да не бидам сфатен погрешно, горд сум и јас на успехот на кошаркарките, 30.000 денари можеби не се многу ама се доволно, во барањето не побарале повисока сума. Кога ќе биде објавен јавниот повик секој спортски клуб ќе поднесе апликација со целосна документација (кој што постигнал, освоил и сл.) и врз основа на тоа ќе се распределуваат средствата, тогаш и кошаркарскиот клуб ќе има можност да аплицира, а Комисијата ќе ги разгледува и ќе одлучува по апликациите, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека најверојатно не бил разбран убаво, тој рекол дека е штета парите за ФК „Брегалница“-сениори да останат непотрошени и предложил да се распределат на сите клубови и категории ( фудбалски, ракометарски, кошаркарски и др.) кои се натпреварувале оваа година.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“ Делчево (30.000 денари).

Шеста точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка на КУД Гоце Делчев Делчево;

Образложение по оваа точка поднесе претседателот ан Советот, Гоце Попов кој рече дека до Советот на Општина Делчево е доставено барање од КУД „Гоце Делчев“ со кое бараат финансиска поддршка за реализација на нивни планирани активности-за учество на повеќе реномирани меѓународни фестивали во Европа од промотивен и натпреварувачки карактер ( Драч, Р.Албанија, Јагодина, Р.Србија, Изник, Р.Турција, Добриниште и Бургас, Р.Бугарија). Во барањето навеле сума од 100.000 денари. Тој предложи Советот на Општина Делчево да донесе одлука во износ од 30.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Јасмина Ќурчиска која рече дека КУД „Г.Делчев“ досега настапиле во Бугарија и албанија, а за една недела треба да патуваат за Турција. Многу години назад КУД „Г.Делчев“ ја претставува Општина Делчево на најдобар начин во државата и надвор од неа и рече дека заслужуваат да се донесе одлука за финансика поддршка.

Бидејќи икој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево.

Седма точка- Предлог-Одлука за парична помош на Аце Трајановски од Делчево.

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот кој рече дека до советот е доставено барање со медицинска документација од Аце Трајановски наш сограѓанин кој боледува од посебен вид на дијабет. Барањето е да се додели парична помош за негово лекување. Општината досега помагала во неколку наврати и предложи Советот да донесе Одлука за парична помош во износ од 3.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош на Аце Трајановски од Делчево.

Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека со оваа одлука се утврдуваат реони во општинските училишта. Последен пат е донесуван акт за реонизација во далечната 1996 година во форма на Заклучок. Оваа одлука што е на дневен ред на денешната седница ги опфаќа сите реони опфатени со претходната реонизација и плус се додадени новите населби и е изготвена во координација со директорите на училиштата и другите надлежни служби од областа на образованието. Во самиот текст на одлуката се наведени реоните и за двете училишта, доколку има некои прашања, повелете, рече Ванчо Новоселски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали е направена анализа на бројот на новородени деца и дали таа бројка е земена во предвид при изготвувањето на оваа одлука? Ако не е направена анализа, да се направи и предложи одлуката да биде подложна на измени ако има потреба и праша дали има некои измени во однос на претходната реонизација?

В.Новоселски рече дека е направена анализа, побарани се и добиени податоци од МВР, бројките се тие, сите знаеме дека постојано се намалуваат бројките, се уште има иселувања, тоа. Во врска со второто прашање, нема измени, освен што се додадени новите реони/населби, рече В.Новоселски.

Иван Гоцевски го праша образлагачот дали е земена предвид безбедноста на децата при изготвувањето на оваа одлука бидејќи се минува магистрален пат?

В.Новоселски истакна секако дека е земена предвид безбедноста на учениците, децата од Милково Брдо одат на училиште во ООУ „Св.„Климент Охридски“, отстапувања има само за 2 улици од Ново Делчево, улиците „Н.Ј.Вапцаров“ и „Светозар Марковиќ“ кои учат во ООУ „Ванчо Прке“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево;

**Деветта точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Николина П.Мавродивеа од Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи, соообраќај и заштита на ЖС која истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 94 став 4 од Законот за градежно земјиште и Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста. Со оваа Одлука инвеститорот Општина Делчево се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево и за добивање на одобрение за градење на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево, согласно Основниот проект за изградба на административна зграда, КО Тработивиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на глсање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во општина Делчево

**Десетта точка-Заклучок за усвојување на Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која истакна дека овој извештај е периодичен и се однесува за првиот квартал од работењето на ентитетот, а е изработен согласно меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во РСМ. Извештајот во себе содржи 3 дела и тоа: Извештај за остварени приходи/расходи; Извештај за процент на наплата заклучно со 18.04.2022 година, со посебен осврт на вкупните обврски на ентитетот заклучно со 31.03.2022 година и Извештај за паричните текови и еквиваленти. Споредбената анлиза на приходната и расходната страна на ЈКП за првите 3 месеци покажува негативен финансиски резултат од -345.954 денари. ЈКП ги зголемило приходите за 331.586 во однос на првиот квартал лани, но се зголемени и расходите за 598.004 денари. Зголемување на расходите има кај ставката 400-потрошени материјали и суровини за 224.789, кај ставката 420- бруто плата за 698.320, ставка 432 трошоци за

амортизација и опрема за 279.000, ставка 469-останати расходи од работењето за 80.115, додека кај другите расходни ставки трошоците бележат тенденција на опаѓање. Амортизацијата на средствата е пресметана во согласност со сметководствената политика на друштвото која се признава и вреднува со примена на праволиниската метода со примена на годишни амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и тоа за.згради 2,5%, за моторни возила 25%, компјутери 25% и мебел и опрема 10-25%.

Вториот дел на извештајот се однесува на процентот на наплата. Од Резимето се гледа дека ненаплатените побарувања кои се фактурирани заклучно со 31.03.2022 година, изнесуваат: за домаќинства 2.499.704, правни субјекти 735.146 и од Градски пазар 66.732 или вкупно ненаплатени 3.301.582. За зголемување на паричните текови да се преземат мерки за зголемување на процентот на наплата континуирано и да се наплатат сите доспеани и ненаплатени побарувања во законски рок.

Третиот дел е обврски на ентитетот и тие бележат пораст за 3.982.469. За намалување на обврските се препорачува зголемување на % на наплатата, строга контрола на трошоците (особено на непродуктивните). Доколку имате дополнителни прашања, повелете, рече М.Сумрачка.

Претседателот отвори расправа и процедурално за збор се јави Иван Гоцевски кој рече симтоматично е што во 7 месец се разгледува Тримесечен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“. Тој го праша претседателот на Советот дали биле оправдани причините за симнување на точкте од дневен ред бидејќи досега 2-3 пати на Советот биле симнувани точки од дневен ред?

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека точките на ЈКП „Брегалница“ кои беа симнувани од дневен ред беа симнувани бидејќи образлгачаите на истите од различни биле оправдано отсутни. Кога за било која точка нема образлагач, не е логично да се расправа, бидејќи сите ние имаме прашања на кои сакаме да добиеме одговор. Затоа денес е добро што се присутни и директорот и сметководителот на ЈКП „Брегалница“ за да добиеме одговори на сите наши прашања. Конкретно оваа точка беше ставана и симнувана од дневен ред по писмено барање на директорот и со образложение дека образлагачот на точката била отсутна, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека според него, претседателот на Советот не требало да ја симнува точката од дневен ред (поради тоа што образлагачот-м.Сумрачка била отсутна бидејќи согласно членовите 195 од Деловникот : „Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг. На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат“.„ Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на Советот или на работното тело може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник“. Односно сметам дека точката не требаше да биде повлечена бидејќи раководното лице (директорот) е должно да присуствува на седницата кога на дневен ред е точка која се однесува на работата на нивната институција и може да де образложение на истата, а само кога е спречен назначува негов претставик, што во случајот не беше така. Во интерес на сите и на Советот и на јавноста во Делчево е да се разгледуваат и да се расправа по точки навреме, сега за некој ден треба да се разгледува шестмесечниот извештај, а ние денес

разгледуваме тримесечен извештај, малку е апсурдно. Во иднина апелирам да се почитуваат членовите 195 и 197 од Деловникот, рече тој.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече дека не ја прифаќа процедуралната забелешка од причини што процедурата воопшто не е прекршена. Согласно Деловникот на која се повикува И.Гоцевски за дневниот ред и точките на дневен ред се грижи и е надлежен претседателот на Советот, јас како претседател на Советот сум оценил дека така треба и така сум постапил, рече тој. Во интерес на сите нас е да имаме компетентен и стручен образлагач по сите точки, кој ќе знае стручно да ни даде одговор на нашите прашања, а доколку има потреба да ни достави и допонителен писмен одговор. Ако во иднина повторно има таков случај, пак ќе постапам исто, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека кога станува збор за писмените одговори од страна на ЈКП „Брегалница“, тој рече дека или воопшто не добиваат одговор на прашањата или се делумни, во целина не сум задоволен од одговорите, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека тој како претседател на Советот се залага и во иднина ќе се залага советниците да добиваат одговор на прашањата. Во координација со администрацијата се пуштаат дописи или телефонски и по е-маил се контактираат раководителите и директорите и се потсетуваат за нивната законска, статутарна и деловничка должност да дадат одговори. Прашањата и предлозите на членовите на Советот не се само прашања и предлози на советниците, туку и на граѓаните, затоа мора да се одговараат, рече претседателот на Советот.

Дејан Георгиевски ја праша образлагачот што со средствата во Еуростандард банка во износ 512.380 имајќи предвид дека банката е во стечај?

М.Сумрачка рече дека од страна на ЈКП „Брегалница“ е преземено се, ама ЈКП не може да располага со тие средства .

Оливера Ташевска праша на што се должи многу големата разлика на ставката 469-други останати расходи од работењето во однос на ланската година?

Марија Сумрачка рече дека на таа ставка се книжени повеќе трошоци и во моментот не може да даде одговор, но ќе достави писмен одговор.

Иван Гоцевски праша на што се потрошени средствата на конто 400-потрошени материјали и суровини бидејќи е евидентно дека има зголемување за 200.000 денари во споредба со ланскиот прв квартал. Според мене, рече тој овие трошоци сте ги зголемиле бидејќи сте имале поголем обем во извршување на услугите, а тоа значи дека сте оствариле и поголема фактурирана реализација или едноставно кажано-сте потрошиле повеќе за да осварите поголем финансиски резултат и малку ми е нелогично зголемување на оваа ставка, рече тој и побара писмен одговор на ова прашање ама не делумно.

Второто негово прашање беше во врска со конто 420-бруто плата каде има пораст како зголемување на минималната плата. Овој трошок заклучно со 28.02.2022 годуна неспорно имал фиксен карактер, но сега со донесувањето на новиот закон за минимална плата, од фиксен добива варијабилен карактер кој ЈКП на годишно ниво би го чинело 4, 8 милиони денари. Која менеџерска интервенција како директор би ја преземале за да го амортизирате негативниот ефект од ова зголемување на овој трошок вр билансот на успех на ЈКП во иднина (наредните квартали)? Дали сте размислиле од кои расходни ставки ќе скратите за да не предизвиката понатамошно зголемување на загубата.

Третото прашање се однесуваше на третиот дел од Извештајот-Обрски на ентитетот кои споредбено со 31.03.2021 година се зголемени краткорочните обврски за 4,5 милиони денари.? 2021 ја завршивте со загуба, еве продолжувvате и во првиот

квартал 2022. Конкретно, што е набавено за дополнителни 4,5 милиони денари? Најверојатно одговорот ќе биде-купен е нов камион за собирање на отпад, да, во ред е обновувањето на возниот парк, но сите сме сведоци дека континуирано има проблем со собирањето на смет во градот и руралните средини. Вие самите рековте дека иако камионот е нов, бил во дефект, дали е поправено возилото и на чиј трошок, праша И.Гоцевски.

Во врска со првото прашање на Иван Гоцевски, директорот на ЈКП рече дека на оваа ставка се книжени повеќе видови на трошоци меѓу кои и набавка на хлор за хлорирање на водата и алуминиум сулфат. Минатите години овие количини биле набавувани сукцесивно, а оваа година се набавени сите потребни количини за да не дојде ЈКП во ситуација да остане без нив, или, пак, да не се покачат енормно цените бидејќи се набавуваат од странство.

Во врска со второто прашање која менаџерска интервенција како директор би ја преземале за да го амортизирате негативниот ефект од ова зголемување на овој трошок врз билансот на успех на ЈКП во иднина (наредните квартали), директорот рече дека ќе се крати на нерационалните/непродуктивните трошоци кои и сега се сведени на минимум, како и за зголемување на цените на услугите што ги дава ЈКП „Брегалница“-Делчево. Минималната плата е најголем трошок на ЈКП и тоа ќе се одрази и во вториот квартал. Согледувањата се во насока за корекција на цените согласно насоките од Регулаторната комисија, цените треба да бидат пазарни, а не социјални, ЈКП не е социјална установа, рече С.Стојковски-директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Иван Гоцевски праша од кои расходни ставки конкретно ќе има кратење, ако се продолжи така, загубата ќе се зголемува во наредните квартали? Не смее да се дозволи само покачување на цените на услугите на товар на буџетот на граѓаните, рече тој.

Реплика на дискусијата на Иван Гоцевски имаше Кирил Тренчевски кој рече дека кратење ќе има од ставката за набавка на реагенси, ако се набавени потребните количини на почетокот на годината, тоа практично значи дека во наредните квартали нема да има трошок по тој основ. Не може врз основа на само 3 месеци да се тврди дека до крајот на годината ќе има загуба, рече тој.

Контрареплика имаше Иван Гоцевски кој рече дека во најмала рака ваквото тврдење:„ не може врз основа на само 3 месеци да се тврди дека до крајот на годината ќе има загуба“ е непрофесионално.

Стојче Стојковски-директор на ЈКП „Брегалница“ рече дека информациите што ги има И.Гоцевски и тој што му ги дава не се релевантни. Кратење има на сите непродуктивни расходни ставки,скратено е секаде каде може, патни и дневни, репрезентации. Јас како директор, имам исплатено долг од „ успешното работење на вашите способни директори“ од 9 милиони денари, набавено е ново комунално возило кое се исплатува на 18 рати.

Во врска со третото прашање за дефектот на новото комунално возило, директорот рече дека е поправено, дефектот бил во хидраучичната пумпа, а ЈКП нема никаков трошок.

Иван Гоцевски рече дека дискутира со бројки, факти и информации кои не му ги дава никој, како што вели директорот, туку тие информации ги има од официјалната веб-страна на ЈКП „Брегалница“. Тој го праша директорот дали се предвидува чистење на канализацијата во скоро време, бидејќи на 25 јуни кога се случило невремето се покажало дека на многу места канализационата мрежа била запишена и имало излевање на повеќе места, според кажувања и реакции на граѓани од „Булевар Македонија“.Тој

рече дека согласно член 13 од Законот за комунални дејности „**Давателот на комуналната услуга е должен давањето на комуналните услуги да го врши постојано и квалитетно и да ги одржува во функционална и исправна состојба објектите, опремата и уредите„. Тоа го потенцирам од причини што ЈКП како давател на услугите, истите не ги врши постојано и квалитетно, рече И.Гоцевски.**

Сашко Ивановски реагираше процедурално да се дискутира на темата-извештајот, а не постојано од страна на директорот на ЈКП да се се спомнува „ваше време", „ваши директори". Подобро е да се вклучи алармот навреме, бидејќи ако се има предвод општата ситуација, покачување на цените на сите производи и услуги значи дека цените на услугите ќе се зголемат.

Претседателот на Советот ги замоли сите да се придржуваат на точките на дневен ред. Во врска со дефектот на возилото за собирање на смет, претседателот на Советот предложи да заврши дискусијата во врска со тоа бидејќи е расправано неколку пати и прашањето веќе е апсолвирано. Возилото сега е во исправан состојба, се врши редовно собирање на смет и нема потреба да се навраќаме на тоа.

Стефанија Атанасова Јовановски рече дека има прашање кое не е во врска со извештајот а се однесува на тоа што подолго време не била косена тревата во паркот кај црквата и детскиот парк во Ново Делчево.

Претседателот рече прашањето да се постави на крајот на седницата под точка 17.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 7 гласа „ЗА" и 6 "ПРОТИВ", воздржание-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на **Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година;**

Единаесетта точка-Предлог-Одлука за прифаќање иницијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион";

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска--Советник за правни работи и застапување која истакна дека согласно позитивниот исход на аплицираниот проект Дигитализација на општинските услуги" финансиран од УНДП и Биротро за регионален развој потребно е да се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу 11-те општини од ИПР. Основна цел на соработката е зајакнување на квалитетот на општинските услуги во сите области на надлежност преку воведување на нови технологии преку изготвување на софтверско решение што ќе опфати дигитализација ан општинските услуги. Очекувани резултати од соработката се: стандардизирани работни процеси во сите 11 општини; зголемена транспарентност на ЕЛС од ИПР; подобрени општински услуги на граѓаните на ИПР, олеснето добивање на услуги преку дигитална платформа; намалено време за добивање на услуги; зголемување на дигитална писменост на граѓаните од ЕЛС; зголемено задоволство на граѓаните од општинските услуги; подобрена комуникација на ЕЛС со НВО, граѓани и бизнис сектор.

Предлог за воспоставување на МОС покренуваат градоначалникот на општината или член на советот. Ако Советот го прифати предлогот/иницијативата утвдува предлог

за воспоставување на МОС и одлучува во рок од 90 дена од денот на доставувањето на предлогот. Конкретно, оваа одлука се однесува на прифаќање иницијативата на Советот на Општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за прифаќање иницијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на работи во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“

**Дванаесетта точка-Предлог-Решение за именување членови на Комисијата за доделување награди и признанија на општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување која рече дека ова Решение се донесува врз основа на член 9 став 2 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево. За членови на Комисијата се именуваат:

-Кирил Тренчевски - претседател (претставник од Советот на Општина Делчево);

-Иван Гоцевски - член(претставник на Советот на Општина Делчево);

-Гоце Стоилов - член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Љупчо Петровски - член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Маријана Стоименовска - член ( претставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Ивана Ивановска-член (претставник од вработените во Општина Делчево);

-Тони Стоименовски-член (претставник од вработените во Општина Делчево),

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување членови на Комисијата за доделување награди и признанија на општина Делчево.

**Тринаесетта точка- Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „Методи Митевски-Брицо“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;**

Образлагач по точката беше Дијана Цонева-Вршител на должноста директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево која истакна дека неколку години наназад училиштето се соочува со сериозен проблем околку бројот на ученици кои се запишале во прва година. И во двете пријавувања бројот е драстично намален, а со тоа и бројот на паралелки би бил помал од оние кои се објавени во Конкурсот. Од завршените 102 ученици од основното образование, и во двата уписни рока се пријавиле само 73 , од кои 63 се запишале во гимназиско и 10 во стручно образование. Со тоа би дошло до намалување на бројот на часовите на наставниот кадар, а со тоа и до покренување на постапка за прогласување на технолошки вишок на наставниот кадар. Од тие причини СОУ го доставува ова барање до Вас, за добивање согласност за формирање паралелки со помал

број на ученици, согласно прегледите дадени во прилог на барањето, истакна вд директорот Дијана Цонева.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на СОУ „Методи Митевски-Брицо"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици**;

Образлагач по оваа точка поднесе Маријана Стоименовска заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево која рече дека ООУ „В.Прке" бара согласност од Советот, за давање согласност заформирање паралелки со помал број на ученици од законски предвидениот број. Оваа година во ООУ „В.Прке" се запишани 493 ученици наспроти 505 ланската година. Бројката не е многу алармантна, но има мало опаѓање на намалениот број на ученици, се однесува особено на учениците запишани во прво одделение. Во прилог имате прегледи со бројот на ученици и бројот на паралелки, како и на вкупниот број на ученици и паралелки. Ве замолувам да ја донесете оваа одлука, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА" 1 не гласал (конфликт на интереси), против и воздржани – нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Климент** Охридски"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево кој рече дека заради намален број ан ученици, ООУ Св.Климент Охридски"-Делчево бара согласност за за формирање паралелки со помал број на ученици, согласно прегледите со податоци дадени во прилог на одлуката.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани-нема , Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;**

Оваа точка ја образложи Гоце Попов-претседател на советот кој истакна дека до него како претседател на Советот, Сања Николовска член на Советот од Левица, доставила Известување со мкое го известува претседателот дека од лични причини поднесува неотповиклива оставка на функцијата член на Советот. Бе зотварање расправа по ова аточка, тој ја стави на гласањеПредлог-Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

Со 12 гласа „ЗА" , против –нема и 1 воздржан, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

**Седумнаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.**

Зекир Абдулов, до Градоначалникот, и Секторот за финансиски прашања, бара писмен одговор

1.Дали и кога ќе биде распишан Јавен повик за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија за 2022 година бидејќи средствата беа планирани во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година (првично околку 1.200.000 , а потоа со ребалансот скратени на 1.000.000 денари?

Оливера Ташевска, предлага и бара писмен одговор од Сектор за финансиски прашања

1.Дали може граѓаните кои поднесуваат барања за отштета од невремото можат да бидат ослободени од плаќање на административната такса која ја плаќаат при поднесувањето на барањето?

Иван Гоцевски, предлог и прашање до Градоначалникот на Општина Делчево и Сектор за урбанизам

1.Зошто од страна на Општина Делчево, не им се дозволува на станарите на зграда 1,2 и 3 на ул. „Н.Ј.Вапцаров“ да ги санираат оштетените покриви, оџаци и дупки на зградите како последица на наврремето? Имено, се условуваат со проектна документација, ревизија, одобрение за градба, согласност од Општината и слично. Станарите потенцираат дека нема да прават доградби, едноставно сакаат да извршат само санација на покривите како би си го заштитиле својот имот од повторни поплави. Граѓаните бараат побрза реакција од страна на надлежните институции бидејќи во Делчево има околу 25 вакви станбени објекти со оштетувања од невремето од 25.06.2022 година.

2.Родител на дете со аутизам од населба Стрелиште бара да се преземат мерки за проблемот со кучиња скитници во населба Стрелиште, да се интервенира за да не дојде до несакани последици.

3.Да се поставaт пречки за забавување на сообраќајот (легнати полицајци) на ул. „Скопска“ и „Браќа Миладинови“ бидејќи многу брзо се вози на овие две улици.

4.Зошто немаме одговор на прашањето што како советничка група го имаме доставено до Вас во врска со проблемот со водоснабдувањето во с.Ѕвегор бр.08-1054/1 од 21.06.2022 година а кое се однесува на несовесна потрошувачка на вода (за наводнување на бавчи и ниви) од страна на поединци при што 70% од жителите на селото немаат вода за пиење?

5.Дали е точно дека месните и урбаните заедници веќе 2-3 години немаат печати (земени им се од страна на Општина Делчево за да се направат нови) и на некој начин се оневозможени да поднесуваат барања, предлози, иницијативи до Градоначалникот и Советот?

6.Кога ќе се санира улицата „Македонска“ која целата е раскопана подолго време заради изградба на канализациона мрежа (кај Тони Синадинов-Муци)? Прашањето е по барање на граѓани кои живеат таму.

Сунчица Ѓорѓиева, до Градоначалникот и Сообраќаен инспектор

1.Дали има услови за воведување на автобуска линија од Делчево до селата која ќе се обраќа барем еднаш неделно? Многу граѓани имаат потреба, прашањето е на нивно барање.

Јасмина Ќурчиска, до до Градоначалникот и Сообраќаен инспектор

1.Која ја определува цената на такси превизот и дали има донесено одлука за повисоки цени на такси превозот бидејќи значително е зголемена цената?

Зекир Абдулов, до Градоначалникот, и Секторот за финансиски прашања, бара писмен одговор

1.Дали и кога ќе биде распишан Јавен повик за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија за 2022 година бидејќи средствата беа планирани во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година (првично околку 1.200.000 , а потоа со ребалансот скратени на 1.000.000 денари?

Оливера Ташевска, предлага и бара писмен одговор од Сектор за финансиски прашања

1.Дали може граѓаните кои поднесуваат барања за отштета од невремото можат да бидат ослободени од плаќање на административната такса која ја плаќаат при поднесувањето на барањето?

Иван Гоцевски, предлог и прашање до Градоначалникот на Општина Делчево и Сектор за урбанизам

1.Зошто од страна на Општина Делчево, не им се дозволува на станарите на зграда 1,2 и 3 на ул. „Н.Ј.Вапцаров“ да ги санираат оштетените покриви, очаци и дупки на зградите како последица на навремето? Имено, се условуваат со проектна документација, ревизија, одобрение за градба, согласност од Општината и слично. Станарите потенцираат дека нема да прават доградби, едноставно сакаат да извршат само санација на покривите како би си го заштитиле својот имот од повторни поплави. Граѓаните бараат побрза реакција од страна на надлежните институции бидејќи во Делчево има околу 25 вакви станбени објекти со оштетувања од невремето од 25.06.2022 година.

2.Родител на дете со аутизам од населба Стрелиште бара да се преземат мерки за проблемот со кучиња скитници во населба Стрелиште, да се интервенира за да не дојде до несакани последици.

3.Да се поставаат пречки за забавување на сообраќајот (легнати полицајци) на ул. „Скопска“ и „Браќа Миладинови“ бидејќи многу брзо се вози на овие две улици.

4.Зошто немаме одговор на прашањето што како советничка група го имаме доставено до Вас во врска со проблемот со водоснабдувањето во с.Ѕвегор бр.08-1054/1 од 21.06.2022 година а кое се однесува на несовесна потрошувачка на вода (за наводнување

на бавчи и ниви) од страна на поединци при што 70% од жителите на селото немаат вода за пиење?

5.Дали е точно дека месните и урбаните заедници веќе 2-3 години немаат печати (земени им се од страна на Општина Делчево за да се направат нови) и на некој начин се оневозможени да поднесуваат барања, предлози, иницијативи до Градоначалникот и Советот?

6.Кога ќе се санира улицата „Македонска“ која целата е раскопана подолго време заради изградба на канализациона мрежа (кај Тони Синадинов-Муци)? Прашањето е по барање на граѓани кои живеат таму.

Сунчица Ѓорѓиева, до Градоначалникот и Сообраќаен инспектор

1.Дали има услови за воведување на автобуска линија од Делчево до селата која ќе се обраќа барем еднаш неделно? Многу граѓани имаат потреба, прашањето е на нивно барање.

Јасмина Ќурчиска, до до Градоначалникот и Сообраќаен инспектор

1.Која ја определува цената на такси превизот и дали има донесено одлука за повисоки цени на такси превозот бидејќи значително е зголемена цената?

Со исцрпување на дневниот ред, 11.седница на Советот заврши со работа во 16:30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов